**20203044136**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 53 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИНТЕРНИОТ ОГЛАС, НАЧИНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА СЕЛЕКЦИЈА И ИНТЕРВЈУТО, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНО БОДИРАЊЕ И МАКСИМАЛНИОТ БРОЈ НА БОДОВИ ОД ПОСТАПКАТА НА СЕЛЕКЦИЈА, ВО ЗАВИСНОСТ ОД КАТЕГОРИЈАТА НА РАБОТНО МЕСТО ЗА КОЕ Е ОБЈАВЕН ИНТЕРНИОТ ОГЛАС

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведувањето на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15 и 35/18), по членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

„Член 6-а

За време на траење на Пандемијата прогласена од Светската Здравствена Организација во врска со заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, интервјуто од членовите 5 и 6 од овој правилник, може да се спроведе со примена на средства за електронска комуникација кои обезбедуваат двонасочна комуникација при реализација на интервјуто без заедничко физичко присуство на учесниците на активноста, и тоа преку видео-конференциска платформа.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12/2- 4689/2
21 декември 2020 година
Скопје

Министер,
doc. d-r **Jeton Shaqiri,** с.р.